**ИЗВЕСТУВАЊЕ ЗА ПОЧЕТОК НА ПРОЦЕСОТ ЗА ПОДГОТОВКА НА ПРЕДЛОГ НА ЗАКОН ЗА СОЦИЈАЛНИ ПРЕТПРИЈАТИЈА**

| | |
|---|---|
| **Назив на министерство:** | **МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРУД И СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА** |
| **Назив на предлог прописот:** | **ПРЕДЛОГ НА ЗАКОН ЗА СОЦИЈАЛНИ ПРЕТПРИЈАТИЈА** |
| **Краток опис на проблемот:** | Економскиот и социјалниот развој во Северна Македонија е обележан со значителни промени и реформски програми со цел да се осврнат на предизвиците што претстојат и да ги обликуваат истите во интерес на сите граѓани, со цел никој да не биде изоставен.<br><br>Владата на Република Северна Македонија и засегнатите страни ја искажаа потребата од заедничко делување за поттикнување на развојот на социјалните претпријатија и екосистемот во кој делуваат, креирање и имплементација на политики и развивање на посилни односи меѓу чинителите во екосистемот на социјалните претпријатија. Со донесување на Националната стратегија за развој на социјалните претпријатија во Република Северна Македонија 2021 – 2023 година, Владата на Република Северна Македонија ја потенцираше потребата од развојот на социјалното претприемништво и социјалните претпријатија, како долгорочната визија. За реализација на наведената определба и визија на долгорочна основа неопходно е донесување на правна рамка за функционирање на социјалните претпријатија во Република Северна Македонија, што е во согласност со првиот приоритет од оваа Стратегија за обезбедување на еднаков правен статус и придобивки за сите видови социјални претпријатија, со донесување на посебен закон кој ќе ја уреди оваа област.<br><br>Визијата, целите и приоритетите на Стратегијата ги следат стратешките ориентации на Европската Унија и нејзината Иницијатива за социјален бизнис. Истовремено, мерките за поддршка на социјалните претпријатија ќе придонесат и кон остварување на Целите на одржлив развој бидејќи социјалните претпријатија и социјалната економија креираат одржливи општествени решенија за сегашните предизвици во повеќе домени, како што се намалување на бројот на лица во ризик од сиромаштија и социјална исклученост, како и креирање на работни места.<br><br>Имајќи во предвид дека во последните неколку години сѐ повеќе организации се идентификуваат себеси како социјални претпријатија или започнаа да основаат социјални претпријатија, евидентна е потребата за донесување на посебен закон со кој ќе се утврдат услови и критериуми за стекнување и престанување на статусот на социјално претпријатие, условите за работа, инструментите за поддршка и развој на социјалните претпријатија, посебните услови за работа на социјалните претпријатија за социјална реинтеграција и работно ангажирање и социјалните претпријатија за работна интеграција, надлежностите на Националниот ресурсен центар за поддршка на социјалните претпријатија, надлежностите за спроведување и следење и други прашања од значење на социјалните претпријатија. |

| | |
|---|---|
| | Со донесувањето и имплементацијата на овој пропис ќе се обезбеди препознавање, поттикнување и функционирање на социјалните претпријатија и во нашата земја. |
| **Цел на предлог законот:** | Целта на Предлогот на Закон за социјалните претпријатија е да се овозможи:<br><br>- развој на социјалното претприемништво преку функционирање на социјални претпријатија,<br>- создавање поволна деловна средина за развој на социјалните претпријатија,<br>- обезбедување правно признавање на социјалните претпријатија, видливост и препознавање на потребата за нивниот развој од страна на институциите, фондовите и останатите општествени чинители, како иновативен модел за вработување, социјална интеграција на лицата во ризик од социјална исклученост, обезбедување на производи и/или услуги,<br>- можност за инвестирање, еднаков пристап на социјалните претпријатија до фондовите за развој, програмите за поддршка за вработување и за унапредување на работењето и вклучување во социјални иновации,<br>- разбирање на концептот на социјално претприемништво и на различните форми и модалитети на работа на социјалните претпријатија.<br><br>Донесувањето на Закон за социјални претпријатија ќе придонесе за подобрување на севкупните економски односи, ќе го поттикне економскиот раст на економијата, а со тоа ќе се придонесе за зголемен вкупен економски раст и развој во Република Северна Македонија, како и за активација на корисниците различни видови на социјална помош.<br><br>Со овој пропис на системски начин се регулира функционирањето на социјалните претпријатија кои со своето работење ќе имаат значајна улога за развој на економијата, преку нивната работа на пазарот на трудот и иновативен начин на вработување на одредени категории на невработени лица. |
| **Временската рамка за изготвување на предлог законот:** | Министерството за труд и социјална политика изработката на предлог на Законот за социјални претпријатија ја реализираше во периодот од февруари 2021 година до април 2023 година низ консултации, состаноци и работни средби на **Работна група за политика и правна рамка на социјалното претприемништво** формирана од Министерот за труд и социјална политика во февруари 2021 и со измени и дополнувања почетокот на 2022 година. |
| **Начин на вклучување на засегнатите страни:** | **Состаноци со засегнати страни**<br><br>Консултациите со Работната група се водеа низ организирани 7 состаноци како и 8 работни средби. Работата на работната група беше помогната и поддржана со експертизата и техничката поддршка обезбедена во рамки на проектот „Поддршка на социјалните претпријатија“ финансиран од ЕУ кој се имплементираше од септември 2020 до април 2023 година. |

<table>
<tr><td></td><td colspan="2">Учество во работната група за политика и правна рамка на социјалното претприемништво преку дискусии, сугестии, мислења, забелешки и сугестии во подготовката на прелог на Законот за социјални претпријатија зедоа лица номинирани од следните институции и организации: Министерство за труд и социјална политика, Министерство за финансии, Министерство за економија, Министерство за правда, Агенција за поддршка на претприемништво на Република Северна Македонија, Агенција за вработување на Република Северна Македонија, Фонд за иновации и технолошки развој, Управа за јавни приходи Централен регистер на Република Северна Македонија, Мрежа на социјални претпријатија на Македонија, Асоцијација за истражување, комуникација и развој – ПАБЛИК, Стартап совет основан од Фондот за иновации и технолошки развој, Бизнис Конфедерација на Македонија (БКМ) , Центар за истражување и креирање политики (ЦИКП/CRPM), КОНЕКТ - здружение на граѓани од Македонија, Економски факултет, катедра Економија и Филозофски факултет - Институт за социјална работа и социјална политика.<br><br>Во подготовката на предлог на Законот за социјални претпријатија и спроведување на конструктивни консултации со засегнатите страни беше изготвен Извештај за анализа на состојбите на правната рамка за социјалните претпријатија, кој содржи и анализа на недостатоците во постојните законски и подзаконски акти, стандардите, правилата, водичи и други документи .<br>- Дискусија и расправи во процесот на изготвување на предлог на Законот за социјални претпријатија<br>- Јавен увид на предлогот на закон<br>- Јавни расправи по издаден Повик за јавен увид на предлог на Законот за социјални претпријатија</td></tr>
<tr><td rowspan="2">Најава за јавен увид и јавна расправа:</td><td>ДА</td><td>НЕ</td></tr>
<tr><td colspan="2">Дискусија и расправа во процесот на изготвување на предлог на Законот за социјални претпријатија со членови на РГ претставници на министерства и органи на државната управа:<br>- Скопје, 01.11.2023 година во 12:00 часот во просториите на Центарот за социјални претпријатија , ул. Македонија бб,<br><br>Дискусија и расправа во процесот на изготвување на предлог на Законот за социјални претпријатија со членови на РГ претставници на граѓански организации, фондации, академска заедница<br>- Скопје, 02.11.2023 година во 12:00 часот во просториите на Центарот за социјални претпријатија , ул. Македонија бб,<br><br>Јавен увид на предлогот на Законот за социјални претпријатија од 6.11.2023 до 21.11.2023</td></tr>
</table>

| | |
|---|---|
| | Најава за **Јавна расправа** по предлог на Законот за социјални претпријатија:<br><br>- **Скопје 10.11.2023 година** , **12:00 часот**, Центар за социјални претпријатија, ул. Македонија бб<br>- **Битола 15.11.2023 година**, **12 часот**, Студентски Информативен Центар УКЛО - Битола.<br>- **Штип, 17.11.2023 година** |
| **Електронска адреса каде засегнатите страни ќе можат да ја преземат електронската верзија на предлогот на закон и нацрт Извештајот за ПВР:** | **centarsp@mtsp.gov.mk** |
| **Адреса и/или електронска адреса каде ќе можат да се достават мислењата, забелешките и сугестиите:** | **centarsp@mtsp.gov.mk** |
| **Одговорно лице за контакт во министерството:** | Маја Папатолевска<br>MPapatolevska@mtsp.gov.mk |
| **Одговорно лице за контакт во министерството:** | Анкица Ивановски<br>AIvanovska@mtsp.gov.mk |
| **Други информации** | |